# СЛУЧАЈ НА ИСТРАЖУВАЊЕ НА КОРЕЛАЦИЈАТА ПОМЕЃУ НАСТАВНИТЕ ЦЕЛИ ВО МАТЕМАТИКАТА И ФИЗИКАТА ВО VIII И IX ОДДЕЛЕНИЕ ПРЕДВИДЕНИ ЗА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ

*Маријана Тошевска*
*ООУ „Кирил и Методиј“, Куманово*
e-mail: marijana_mt@outlook.com

Оваа презентација ги содржи резултатите добиени од мало истражување направено во тековната учебна година, кое се темели на две главни прашања: *Дали постои корелација помеѓу оценките по математика и физика во VIII и IX одделение според новата програма во првото тримесечје?* и *Дали учениците и наставниците сметаат дека постои сличност во наставните цели кај предметите во двете одделенија?*

Направена е анализа на сличностите во наставните цели во двете одделенија, за целите кои беа изучени во периодот до 04.11.2016, или приближно на крајот на првото тримесечје, во основни училишта во Куманово. Споредени се оценки на по 100 ученици од двете одделенија и во двата случаја е добиено дека се работи за висока позитивна корелација. Опфатени се и мислења на наставниците по математика, физика, како и наставниците кои ги предаваат и двата предмета и мислења на учениците.

Се надевам дека ова истражување и презентацијата ќе придонесат за поттикнување на проучувањето на корелацијата помеѓу, не само математиката и физиката, туку и математиката и другите наставни предмети, со цел поефикасно и поквалитетно пренесување и восприемање на знаењата.